# Понор

Златко Ѓелески

Изданието е финансиски поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Уредник на едицијата
**Андреј Јованчевски**

Наслов на оригиналот
**Златко Ѓелески, Понор**

**© Златко Ѓелески, 2018**
**© Бегемот, 2018**

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Андреј Јованчевски**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Понор

Златко Ѓелески

Бегемот
Скопје, 2018

# СОДРЖИНА

БАРАЊЕ .......... 9
ЗАМЕНА .......... 12
ИГРАЧКИ ОД МЕСО И ОД КОСКИ .......... 24
ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ .......... 44
ОТПУШОК .......... 59
ОТЕЛОТВОРУВАЊЕ .......... 67
КОРЕСПОНДЕНЦИЈА .......... 84
МЛАДЕЕЊЕ (ВО НАШЕ ВРЕМЕ) .......... 100
РЕПРЕСИЈА .......... 113
ФИЛТЕР .......... 128
ПОНОРСКО КИНО .......... 139
КАПКА .......... 153
ДВАЕСЕТ И ПЕТТИОТ ЧАС .......... 159
НУЖНО ЗЛО .......... 164
ПРОЕКТ: ДЕЛИРИУМ .......... 181
СУДНИОТ ДЕН .......... 191
КУПУВАЊЕ УБАВИНА .......... 197
НЕМАШТИЈА .......... 228
НЕШТОТО ВО МАГЛАТА .......... 247
ТЕЛЕСНА ИНВАЗИЈА .......... 256
ЗАПОВЕД .......... 276
БЕЗВУЧЕН ТОН .......... 287
НОЌНА ЛИНИЈА .......... 341

До
Читателот на Понор:
во кој град и да си,
што и да правиш,
продолжи да читаш.

## БАРАЊЕ

Јас, вечниот жител на Понор, кој му го даде секој атом од своето непостоење на злокобниот град, со ова барање го замолувам неумоливиот читател со претпазливост и будност да ги чита моите собрани хроники на несреќниците чии патила имаат заедничка одредница. До одредени сведоштва дојдов без поголем напор затоа што беа ископани од самиот извор, споделени непосредно од самиот кобен говорител, додека, пак, за некои од нив беше потребно да ги засукам ракавите и да копам подлабоко во туѓите гробови. За некои преданија и мене ми беше потребно дополнително образложение, бидејќи располагаа со несфатливост што непрестајно бликаше од повеќеслојна фантазма во сојузништво со масивна надреална дивост и навидум не изгледаа како да се составен дел од овој свет, егзистирајќи на маргините на меѓусветовите што се наоѓаат помеѓу две вдишувања. Некои сведоштва содржеа значителен распад, така што кога ги откопав, веќе беа квалитетно загризани жртви на гнојната детериjација, но наместо да ги исполирам и наменски да го намалам интензитетот на нивното исклучително спознание, одлучив да ги соголам и да ја приложам нивната раритетна уметничка блескавост. Бев накло-

нет да патам со секое исчитување на туѓите јалови тегоби и тие, несомнено, поседуваа својства со кои ми ја разјадуваа душата, па губев неповратен сегмент од своето битисување, но помеѓу копнежот и сеќавањата, помеѓу судбината и слободната волја, решив да не се повлечам пред предизвиците на неизвесната непредвидливост и со сладост допуштив разграноците на зборот да се всадат во секое јадро на моето егзистирање и да резултираат со коренита промена на моето суштествување. Наместо да ти говорам за градителите на јазикот и објектите во Понор, јас решив да се фокусирам на јадниците што го образуваат неговиот пулс со нивните несреќни животи и на тој начин го обликуваат карактерот на самиот град, кој непосредно го спознаваш со исчитување на нивните патила, понепосредно одошто да ги прикажам успесите на создавачите на неговата фасада. Едно е рувото за туристите, а сосема друго за локалното население. Духовите што ги будат во сон се емоциите што недоволно ги анестетизира потсвеста. Нема ниту една детска приказна, затоа што Понор нуди и безгрижно детство и возрасен живот на талкачи со бесцелни движења, со кои се компензира идилата. Деца како деца, се тренираат на животни, си играат со демони сметајќи дека се имагинарни пријатели, заобиколуваат морал за да се искачат на дното со цел да ја докажат лојалноста кон корумпираните дружини, возвраќаат на насилниците засадувајќи ги в шума, додека не ги изеде амбиција по тоа што не им следува. Во свет на покорни зомбија, смртта оди понатаму. Накратко, човекот што почна да ги збира овие беседи е сосема поразличен од човекот што ја комплетира збирката и потполно различен од пишувачот на оваа молба, а всушност, станува збор за еден ист човек. На крајот на патешествието тој ќе се повлече да биде еден од неколкутемина читатели како тебе, битие што ќе го храни мозокот со верување на очите во

засадените хартиени полиња и со втренчени проклетства во кожата на Понор. Ми преостанува само да те охрабрам да продолжиш да читаш, затоа што оваа потера по вистината во овој бегол нереализам знае да биде исцрпувачка и биди подготвен за совладување на стрмнините на темничавоста што ти претстојат, но никогаш не противи се на делотворноста на книгава и не пркоси му на сонот, затоа што доколку ги убиеш мечтите, ќе завршиш само со прозрачно тело на кое ќе му преостане само да ја исчекува смртта. Нека мојот заклучен збор биде почеток на твојата авантура во Понор, градот што ги консумира своите жители.

Авторот,
Понор, 3.3.2016 г.